*Александар АТАНАСОВСКИ* **УДК: 726.71(497.11)**

# ИМОТИТЕ НА МАНАСТИРОТ СВ. ГЕОРГИ ГОРГ СКОПСКИ ВО ВЕЛБУЖД И ОКОЛИНАТА

***Кратка содржина***

*За историјата на манастирот Св. Георги Горгос, посебно за имотите што ги поседувал сведочат три даровници, една од бугарскиот цар Константин Тих-Асен од 1257/58, една од српскиот крал Милутин од 1300 година и од Вук Бранковиќ од 1377/78 година.*

*Овде се обработува дел од даровницата на бугарскиот цар Константин Тих-Асен, која е најстара од зачуваните документи. Посебно се осврнуваме на имотите што манастирот ги добил во Велбужд и околината. Некои од тие имоти досегашните истражувачи ги лоцираат во Овче Поле, Жеглигово и Велбужд. Станува збор за село Јован Богослов, село Дабница, село-метох Свети Василиј, катунска населба Подмир, село-метох Свети Лука и метох во Велбужд Свети Никола Колушки. Нашите резултати се поткрепени со теренски истражувања.*

***Клучни зборови:*** *ИМОТИ, ЈОВАН БОГОСЛОВ, ДАБНИЦА, СВЕТИ ВАСИЛИЈ, СВЕТИ ЛУКА, СВЕТИ НИКОЛА, ИМУНИТЕТ*

Манастирот Св. Георги Горгос - Скоропостижник што бил изграден на Виргино брдо над реката Серава крај Скопје бил еден од најзначајните царски и ставропигиски манастири на територијата на Македонија. За жал, тој манастир исчезнал во виорот на историските настани и за него и за дел од неговата историја немаме податоци. Поради значајната улога што ја играл во текот на своето постоење (XI-XV век) тој побудил интерес за негово проучување кај многу научници. Но, и покрај големиот интерес многу сегменти од историјата на Св. Георги Горгос останале нерасветлени. Така на пр. и до денес не се знае точно каде се наоѓал тој манастир, не се знае како изгледал (внатрешно и надворешно), како изгледала неговата црква, каква била основата на градбата (можеби впишан крст или четири-

лисна детелина), каква била декорацијата, поточно фрескоживописот и слично.[1]

Единствено за што имаме прилично доста податоци е неговото стопанство (властелинство). За тоа се зачувани три грамоти (од повеќето незачувани) и од содржината во нив се гледа дека манастирот бил најбогат феудален сопственик во скопската област, па и пошироко. Токму тој факт побудил голем научен интерес за повеќето вредности и аспекти на овој споменик.

Сопственичките права, привилегии, имунитети, имотните дарувања и др. богатства на Св. Георги Горгос имале долга историја, многу постара од зачуваните грамоти, кои што се составени врз постарите хрисовули од донаторите на манастирот.

За да не се расплинуваме многу по нерешените прашања, наша цел е еден сегмент од најстарата зачувана грамота, онаа на бугарскиот цар Константин Тих-Асен, и тоа не целата грамота, туку само некои деловионие што се однесуваат на имотите на Св. Георги Горгос во Велбужд и околината.

Грамотата на цар Константин Асен од втората половина на XIII век (1258-1277) е најстариот зачуван документ за манастирот Св. Георги Горгос.[2] Таа грамота заедно со грамотата на српскиот крал Милутин од 1300 година, како и грамотата на Вук Бранковиќ од 1376-1377 година се чуваат во архивата на светогорскиот српски манастир Хиландар, на кој Вук Бранковиќ,[3] како негов метох му го поклонил манастирот Св. Георги

---

[1] За местоположбата на манастирот спореди: Грујић Р., Властелинство светог Ђорђа код Скопља од XI-XV века. Гласник Скопског научног друштва. Књ. I, свеска 1. Скопље 1925, 45-74 (понатаму: Гријић Р., Властелинство); Петров К., Грамотите на манастирот Св. Георги Горгос и обид за изнаоѓање на неговиот локалитет. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том I. Скопје 1975, 242-247; Бошкоски М., Прилог кон историјата на Св. Георги Горгос Скопски во XI век. Гласник на ИНИ, XXXIX, 1-2. Скопје 1985, 201-211

[2] За изданијата на грамотата види: Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1970, 578-587; Грујић Р. Властелинство, 46 и бел. 3; Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски, (текстови). Подготвиле: Илиевска К., Мошин В., Славева Л., -Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том I. Скопје, 1975, 181.

[3] За грамотите на крал Милутин и Вук Бранковиќ види: Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски (Текстови). Подготвиле: Илиевска К., Мошин В., Славева Л., -Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том I. 205-241 и таму наведената литература.

Горгос, па така Хиландар ги добил од поклонетиот манастир и двете негови последни владетелски грамоти. Самиот овој факт упатува на претпоставката дека првите две грамоти не би требало да бидат оригинални примероци на владетелски дипломи, зашто во таквите случаи поклонетиот манастир си ги оставал во архивата „светите" оригинални хрисовули на своите ктитори, основачи и реставратори, а на својот нов господар му ги предавал првобитните дупликати (преписи) или стари копии на оригиналот. Таа пракса постоела и во Византија и воопшто на Балканот (во Бугарија и Србија). Токму тоа што Константиновата грамота не е зачувана во оригинал предизвикала голема полемика околу прашањето за нејзината автентичност.

Сомнежите произлегле оттаму што Константиновата грамота нема печат на крајот, а недостасуваат и почетните редови (на отсечениот горен раб на документот), пишувана е на хартија од постар тип (бомбицина) со посебен тип писмо кое се разликува од бугарскиот канцелариски брзопис од XIV век, со доста локализми и србизми во јазикот, како и со доста несмасни форми на буквите во владетелскиот потпис (пишуван е со црвено мастило и со друга рака отколку целиот текст.[4]

Сите овие особености што не се согласуваат со обичната претстава за јазикот, стилот и правописот на другите зачувани бугарски грамоти, му дале повод на бугарскиот историчар Г. Баласчев во 1911 година да ја негира автентичноста на Константиновата грамота, особено од историски причини, според византиските извори Константин воопшто не владеел во Македонија и Баласчев дошол до заклучок дека грамотата е фалсификат направен во Хиландар кон крајот на XIV век.[5]

Дилемата околу прашањето за автентичноста на Константиновата грамота ја разрешува последниот критички издавач на грамотата Владимир Мошин.[6] Врз база на палеографска, лингвистичка и дипломатска анализа на Константиновата грамота, Мошин заклучува дека таа е препис направен од оригинална грамота издадена од Константин Асен. Копијата

---

[4] Мошин В., Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски (уводна студија), 1. Проблемот за автентичноста на Виргинската грамота; палеографско-правописна анализа. -Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том I, 98. (понатаму: Споменици. I).

[5] Баласчев Г., Същински ли е хрисовулът от цар Константин Тих (1257-1277), Минало, год. II, кн. V-VI, 178-187.

[6] Мошин В., Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски (уводна студија), Споменици I, 97-166.

според Мошин е настаната по наредба на крал Милутин пред 1300 година за да му послужи за концепција на неговата грамота.[7]

Грамотата е пишувана на бомбицина 93х33 см (залепена на платно), со канцелариски брзопис од XIII век. Пред потписот, направен со црвено мастило и од друга рака, нацртана е рака која држи скиптар. Печат нема. Грамотата е многу оштетена. Според оригиналот грамотата ја издале Успенски,[8] Качановскиј,[9] Илински,[10] Иванов,[11] Дујчев,[12] и последното критичко издание што го подготвиле: К. Илиевска, В. Мошин и Л. Славеска.[13]

Како основен аргумент за автентичноста Владимир Мошин ја посочува Константиновата листа на владетели-дарители во почетокот на грамотата, за која вели дека е автентична, а четирите имиња на наследниците на Алексиј I Комнин-Калојан, Маноил, Тодор (Ласкарис) и Исак, што ги нема во Милутиновиот список, противречат на хипотезата за зависноста на Константиновиот текст од Милутиновиот.[14]

Според Мошин грамотата е издадена негде на терен при доаѓањето на Константин во „Долна земја“.[15]

За србизмите во грамотата В. Мошин се повикува на тезата на Илински, кој тврди дека тоа се елементи од говорот (јазикот) на населението од Северна Македонија.[16] Според јазичните особености на текстот, В. Мошин е на мислење дека грамотата е напишана негде во Скопската област во која се наоѓал и манастирот Св. Георги Горгос.[17]

---

[7] Грамоти на манастирот Св. Георги-Горг Скопски (текстови). Споменици I. 181.

[8] Успенский П., Второе путешествие по Святой Горе Афонской. Москва 1880. 169-171.

[9] Вестник Славянства, изд. В. В. Качановскиј, III, 108-118.

[10] Ильинский Г. А., Грамоты болгарских царей. Москва 1911.14-19.

[11] Иванов Й., Български старини, 581-587.

[12] Дуйчев Ив., Из старата българска книжнина, II, книжевни и исторически паметници от второто българско царство, Хемус-София 1945. 55-63; 338-351.

[13] Грамоти на манастирот Св. Георги-Горг Скопски (текстови). Споменици, I, 183-204.

[14] Мошин В., Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски. Споменици, I, 99. За Палеографска, лингвистичка и дипломатска анализа, стр. 100-166.

[15] Исто, 103.

[16] Исто, 106.

[17] Исто, 106 и 112.

По прашањето за времето на издавањето на грамотата В. Мошин е на мислење дека тоа можело да се случи при свадбената церемонија, кога Константин Тих се оженил со Ирина, ќерка на Ласкарис (1257-58 г.) по што бил склучен византиско бугарски договор за мир. За тоа мислење Мошин се повикува на мислењето на Златарски.[18]

Во однос на прашањето кога Константин владеел со Скопје, В. Мошин сугерира дека такво нешто не морало да има за да се издаде една грамота.[19] Во аренгата на Виргинската грамота нема никакви алузии за влегувањето на Константин во Скопје со воено заземање на областа. Едноставниот израз „съшьдшю ми вь Долнаго ѕемлѧ, обрѣтохь манастирь...“[20] сугерира впечаток за мирно доаѓање на царот од „Горните“ балкански предели, и тоа токму за неговото прво влегување во Скопската област која од неодамна беше влегла во територијата на Константиновата држава. Се добива впечаток дека оваа област му била препуштена на бугарскиот цар уште при првите преговори за склучувањето на мирот и за планираниот брак.[21]

Во едно послание на Теодор II Ласкарис во врска со мирот со Бугарите од 1256 година читаме: „Дарот, т.е. договорот, ја обградува Сердика и Филиповиот град (Пловдив) од кај нас Македонците и определува за граница Велбужд и ги присоединува кон претходната состојба и знаменитата област Скопска и прочуената Врањанска, вклучува Албанон и границата достига до српските предели“.[22] За потврдување на оваа теза сведочи и соопштението на Георги Акрополит за новата поделба на управата на западните никејски области што ја извршил царот Теодор II Ласкарис пред повлекувањето на своите воени сили од Македонија. Во Солун го испратил својот стрико-дедо Михаил Ласкарис, во Прилеп-скутерот Ксилеј, во Велес-Теодор Калабак, во Албанон-Константин Хаварон, а над сите нив го поставил како претор Георгиј Акрополит со резиденција во Солун.[23] Неспомнувањето на Скопје во оваа административна и воена распределба на византиските области индиректно сведочи за претходното отстапување на

---

[18] Исто, 122; Златарски В., История на Българската държава през средните векове. Том III, София 1940, 481.

[19] Мошин В., Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски, 123.

[20] Иванов Й., Български старини, 581; Грамотите, Споменици, I, 183.

[21] Исто, 123.

[22] Златарски В., История, III, 461; Ангелов Д., Средновековният Велбъжд (VII-XIV). Сборник от статии и изледвания. Кюстендил и Кюстендилско. София 1973, 79.

[23] Златарски В., История, III, 481; Мошин В., Грамотите, Споменици, I, 123.

Скопската област на Константин и за претходното повлекување на византиските воени одреди од ова подрачје. Бидејќи офанзивата на епирско-српските одреди кон Прилеп преку Полог и Скопје започнала во почетокот на 1258 година, В. Мошин смета дека издавањето на Константиновата грамота можело да се изврши токму во првите денови на оваа година, пред почетокот на Урошевата офанзива.[24] Причината за нејзиното издавање лежи во потребата Константин да ги уреди односите и да ја легализира својата управа во подарените области. (Најверојатно Ласкарис му ги дал во мираз).

Зачуваните грамоти на манастирот Св. Георги Горг Скопски се основата за проучување на имотно-правната положба на манастирот и неговите имоти, како и за положбата на зависното население. Во однос на сопственоста, посебно за местоположбата на имотите се искажани повеќе мислења, кои во некои сегменти се совпаѓаат, но за одделни имоти, поточно за нивната местоположба и до денес се води полемика.[25]

Предмет на ова излагање се имотите што цар Константин Асен му ги подарил на Св. Георги Горг во Велбужд и околината, а кои имоти не се сите споменати во Милутиновата грамота од 1300 година.[26]

Според Константиновата грамота манастирот Св. Георги Горг имал 47 села и заселци расфрлани не само во Скопската, туку и по Полошката, Поречката, Прилепската, Овчеполската, Жеглиговската, Велбуждската и Биначката област.[27]

Поголем број од тие села биле подарени на манастирот од самиот основач и прв ктитор цар Роман III Аргир (1028-1034). Покрај него се споменува како приложувач и царот Диоген (1067-1071) кај селото Козарево и неговите три заселци,[28] во позадината на планината Водно во Скопската област. Додека самиот цар Константин му подарил на манастирот Св. Георги Горг Скопски две села: Калуѓеровјане (Калуѓерица) и Калуѓеров Дол со црквата Св. Георги, каде што ќе отседнува (престојува) игуменот кога ќе ги обиколува манастирските имоти.[29]

---

[24] Мошин В., Грамотите, 123.

[25] За положбата на имотите види: Грујиќ Р., Властелинство, 45-59; Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски (текстови) I. Грамотата на цар Константин Асен. Споменици, I, 183-204.

[26] Грамотите на манастирот. Споменици, I, 228.

[27] Грујић Р., Властелинство, 55.

[28] Грамотите на манастирот. Споменици, I. 195; Грујић Р., Властелинство, 55.

[29] Грамотите на манастирот. Споменици, И. 195; Грујић Р., Властелинство, 55-56.

Според Константиновата грамота, која е направена врз основа на сите поранешни даровници и нивните потврди, манастирот Св. Георги Горг во Скопската област имал 15 села и заселци,[30] во Поречје 12, а може-би и 14 села и заселци; во Долни Полог имал само едно село-Речица кај Тетово, додека во Горни Полог тоа било селото Баница кај Гостивар, а потоа селото Точил и уште две села чии имиња не можат да се прочитаат. Во Прилепската област имал 2 села; на Овче Поле биле селата: Св. Јован Богословец и Дабница со Ракита, а во северниот дел на таа област или во Жеглигово се наоѓале две села чии имиња не можат да се прочитаат, но се знаат имињата на метосите: Св. Василиј и Св. Лука.[31]

Според Радослав Грујиќ, Св. Георги Горг имал уште еден метох во Велбуждската област и додава дека „за тој метох нема никакви поблиски податоци, но најверојатно тоа бил Св. Никола Мрачки, кој се наоѓал во таа област, па подоцна бил даруван како метох на манастирот Хиландар“.[32]

Последниот прилог во Константиновата грамота се 4 села, коишто Грујиќ ги лоцира во сливот на Биначка Морава.[33]

Токму селата и метосите, кои повеќето истражувачи ги лоцираат во Овче Поле, Жеглигово и Велбужд се предмет на посебна елаборација за да се даде прилог за нивно точно лоцирање на теренот.

Тие имоти се наведени по селото Бистрица во Бабуна. Во Константиновата грамота стои: „Село (метох Светоі) Їwаннь Богwсловець сь пашиши сь нивиемь, сь всѣми правинами. Село Дябница сь ракогт(ами), сь нивием, сь ȥабелоі, и сь всѣми правинами. (Село ме)т(ох) под ха..анем Светоі Василии, сь виноград (ы), с нивием, сь (ливадами), сь всѣами правинами и сь лwвищи робними. Во ... Подмирь ȥ(в)... катунск(и)х ... с нивием, сь ливадами, (сь лw)вищи, и (сь) всѣми правинами. С(ело) ... метохь Светоі Лу (ка) ... є... вь, бокw... є... Же и сь (всѣами) правинами. Метох вь Вельбяжи светоі Никwлае вь Ко(лу)ши, сь виноград (ы), и (с нивиемь), и сь всѣм(и п)равинами“.[34]

Во изданието на Константиновата грамота што го направил Јордан Иванов, селото Јован Богословец со имотите е дадено посебно, веднаш по с. Бистрица на Бабуна. Селото Дабница со ракита, метохот Св. Василиј и

---

[30] Грујић Р., Властелинство, 56.

[31] Исто, 56-57.

[32] Исто, 57.

[33] Исто, 57.

[34] Иванов Й., Български старини, 584; Грамотите на манастирот. Споменици, I, 193-194.

катунските имоти кај Подмир се дадени во една целина, додека метохот Св. Лука е ставен заедно со метохот Св. Никола во Колуша.[35]

Приредувачите на македонското издание на Виргинската грамота, тие подароци ги разграничуваат едни од други, па селото (метох Свети) Јован Богословец со пасиштата, нивите и со сите „правини“ е дадено одделно, како и кај Јордан Иванов. Селото Дабница со Ракита е дадено посебно, со тоа што за разлика од кај Иванов Ракита е дадено со голема буква што го менува значењето на изразот. Потоа следува метохот Св. Василиј-посебно, Подмир со прилозите посебно, до него е метохот Св. Лука издвоен и на крајот следува Св. Никола во Колуша, исто одделен.[36]

Досегашните истражувачи на местоположбата на имотите на манастирот Св. Георги Горгос, поведувајќи се по мислењето на Илински,[37] кој пак повикувајќи се на еден запис од 1735 година дека поп Димитар Попов од Градечница подарил евангелие на црквата Св. Јован Богослов,[38] која би можела да биде идентична со метохот Св. Јован Богослов во крајот меѓу Бистрица и Дабница, ја прифаќаат неодредената локација меѓу споменатите села. Радослав Грујиќ, пак, селата Св. Јован Богослов и Дабница со Ракита ги лоцира во Овче Поле,[39] каде што и денес постои месност (рид) со име Богословец што може да асоцира на средновековното село Јован Богословец.

Ако ја прифатиме теоријата дека селото Јован Богословец се наоѓало меѓу селата Бистрица и Дабница, меѓу кои е наведено во грамотата, тогаш, поблиску до вистината се оние што мислат дека селото Јован Богословец се наоѓало во Овче Поле. Но, не треба да се изгуби од предвид и фактот што село со името Богословец постоело во турскиот период,[40] а постои и денес во близина на средновековниот град Велбужд, денешен Ќустендил. Дотолку повеќе што во близина на тоа село се наоѓало и се-

---

[35] Иванов Й., Български старини, 584.

[36] Грамотите на манастирот, Спомениоци, I, 193-194.

[37] Ильинский А. Г., Грамоты болгарских царей. 101.

[38] Стојановић Љ., Стари српски записи и натписи. Запис бр. 2647. Види и: Грамотите на манастирот. Споменици. I, 193

[39] Грујић Р., Властелинство, 56.

[40] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак од 1570 година. Том V, книга V, Превод, редакција и коментар д-р Александар Стојановски. Архив на Македонија. Скопје 1995, 25 и бел. 48; 51; Драганова С., Кюстендилски регион 1864-1919. София 1996, 99-100.

лото Градешница,[41] кое можеби е селото од записот што го наведува Илински во врска со подареното евангелие на Димитар Попов од Градечница.

Приредувачите на изданието на Виргинската грамота во Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том први, тргнувајќи од фактот што во Милутиновата грамота од 1300 година се споменува селиштето Доубница и селиштето Ракита, истите поведувајќи се по Илински,[42] и В. К'нчов[43] го идентификуваат со селото Дабница во Прилепско на околу 5 км североисточно од Прилеп.[44]

На оваа гледиште се спротивставува фактот што името „Джбница сь ракотт(алми)" не треба да се изедначи со името на селиштето Доубница, и исто и селиштето Ракита кај Милутин со ракотт(алми) кај Константин. Во Константиновата грамота јасно стои „Село Джбница сь ракотт(алми)" - при што не е потенцирано дека второто име се однесува на „селиште". Кај Милутиновата грамота се разделени во два посебни члена, при што се потенцира „Селиште Доубница со сите правини и Селиште Ракита со сите правини".[45]

Треба да се има предвид дека, доколку имотите наведени по с. Бистрица во Бабуна правеле една целина и доколку с. Јован Богословец се наоѓал во Овче Поле или пак близу Велбужд тогаш и селото Дабница не треба да го изедначуваме со селиштето Дубница во Прилепскиот крај, туку треба и него да го бараме на просторот меѓу Овче Поле и Велбужд. Ако можеме да се послужиме со податоците од турските документи, во XVI век постоело село Дабово, негде прочитано како Даново, а тие две имиња се други имиња за денешното село Раково,[46] во горното течение на реката Елешница, денес во општина Невестино. Доколку старото име на Раково било Дабово, тогаш тоа може да не доведе до конечната разврска на прашањето за положбата на с. Дабница кое можеби е денешното село Раково. Во таков случај Дабница и Јован Богословец правеле една целина, се нао-

[41] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак. Том V, книга I. Превод, редакција и коментар Методија Соколовски. Архив на Македонија. Скопје 1983, 87-100. Во турскиот период селото Граешница било поделено на две и преименувано во Горна и Долна Граштица.

[42] Ильинский А. Г., Грамоты болгарских царей. 102.

[43] Кънчов В., Македония, етнография и статистика. София 1900. 224.

[44] Грамотите на манастирот. Споменици, I, 194 и бел. 74.

[45] Грамотите на манастирот. Споменици, I, 221.

[46] Турски документи. Том В, кн. В, 135.

ѓале близу едно до друго и тоа на патот од Велбужд преку Источно Осогово за Брегалница и Овче Поле.[47]

Името „ракита“ веднаш по с. Дабница во Константиновата грамота не треба да го изедначуваме со селиштето Ракита во Милутиновата грамота. Напротив, „ракита“ може да се однесува на месност обрасната со врби (ракитник), и денес во Пијанечко така се нарекува место кое изобилува со врби. Такви места им биле потребни на манастирите бидејќи прачките од врбите се користеле за плетење на трмки (улишта, кошници) за чување на пчелите. Ако се прифати дека Дабница е исто со Раково, секако ракитник имало до селото бидејќи истото се наоѓа на самата река Елешница. Врбата бара влажно место, а такви места има покрај реките.

Веднаш по селото Дабница е даден метох под „...ха...анем Светоі Васили“ со виноград (лозја), со ниви, со ливади и со сите правини и со рибни ловишта.[48] Р. Грујиќ е на мислење дека станува збор за село чие име не може да се прочита, а се наоѓало „во северниот дел на Овче Поле или во Жеглигово“.[49]

Навистина текстот на грамотата е оштетен, па приредувачите на македонското издание на Константиновата грамота, оштетеното место пред „метох“ го пополнуваат со „(село ме)т(ох) под ха...анем Светоі Васили“[50]. Логично гледано тоа може да биде така, но има една работа на која не е посветено внимание, а тоа е разликата во значењето на термините „село“ и „метох“. Врз основа на податоците од грамотата, манастирот ги добивал селата целосно. Тоа значи дека под негова власт преминувале од една страна имотите на одделните селски фамилии, познати под името „стаси, наместија, баштини, купеници“ а од др. страна „целата селска општинска земја што припаѓала на сите жители на селото за општо користење“.[51] Имотите на одделни селски фамилии иако под власта на новиот господар останувале и понатаму во рацете на селаните што го зачувале своето владение врз нив (некој треба да ги работи тие имоти). Тие продолжувале да ги обработуваат, од нив да се прехрануваат, да ги предаваат во наследство итн. Општинската земја, пак, преминувала не само под врховна сопстве-

---

[47] За тој пат види: Иванов Й.,Сѣверна Македония. София 1906. 10; Атанасовски А., Пијанец во XIII и XIV век. Куманово 1996, 10-11.

[48] Иванов Й., Български старини, 584; Грамотите на манастирот. Споменици, I, 194.

[49] Грујић Р., Властелинство, 56-57.

[50] Споменици, I, 194.

[51] Ангелов Д., Крупното манастирско стопанство во Северна и Средна Македонија во XIV век. _ Гласник на ИНИ, I, бр. 2. Скопје 1957, 83.

ност, туку и во директен посед на манастирот. Таа била вклучена во состав на неговата „господарска земја“ (terra dominicata), т.е. во состав на неговиот личен домен.[52]

За разлика од селата, метосите претставувале одделни помали манастири или цркви, изградени во градовите или селата, што таму имале свои стопанства. По силата на даровните грамоти, крупните манастири започнале да ги „голтаат“ тие метоси, да ги поставуваат под своја власт.[53] Тоа им одело од полза бидејќи метосите биле организирани стопанства, со своја економија и разработен режим на производство, така што новиот сопственик немал никакви дополнителни расходи околу организацијата на производството. Метосите можеле да бидат подарени без селото. Тоа е особено важно за нашето прашање околу положбата на метохот Св. Василиј, кој како што спомнав погоре го бараат во Осоговијата или во Жеглигово, поточно во Козјак (меѓу Жеглигово и Славиште). Издавачите на збирката Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија го бараат во Прилепскиот крај.[54]

Поради тоа што со метохот Св. Василиј се споменуваат „рибни ловишта“, Грујиќ смета дека тој метох би требало да биде негде на долниот тек на реката Пчиња,[55] каде што имало остатоци од црквичка посветена на Св. Лука, која тој ја поврзува со следниот дар.

Според досегашните истражувања на терен во тој простор не најдов место со име „Св. Василиј“, па затоа тешко може да се идентификува местоположбата на тој метох. Ако се држиме до логиката на Груиќ, дека имотите се дарувале по редослед и ако претходниот дар селото Дабница е денешното село Раково, кое во турските документи е споменато и со името Дабово, тогаш можеби метохот Св. Василиј треба да го бараме во близина на денешното село Ваксево во Елешничкиот Пијанец. Во близина на селото има остатоци од средновековни цркви, кои до крај не се проучени, за едни се знае дека се од манастир Св. Никола, споменат и во турските документи,[56] а за други мештаните раскажуваат предание дека се од црква посветена на Св. Василиј.

Во прилог на тоа оди и спомнувањето на рибните ловишта, кои можат да бидат на реката Елешница. Исто така во прилог на оваа теза може да биде следниот имот подарен на Св. Георги Горг, кој не може целосно да

---

[52] Исто, 83 и бел. 5.

[53] Грујић Р., Властелинство, 60; Ангелов Д., Крупното манастирско стопанство, 83.

[54] Споменици, I, 194 и бел. 75.

[55] Грујић Р., Властелинство, 57.

[56] Турски документи, Том V/ 5, 166 ; Турски документи, Том I/1, 95.

се прочита, но во едно сите истражувачи се согласни, дека станува збор за катунски населби во Подмир. Локалитетот „Подмир“ се обидел да го лоцира единствено професорот Томо Томоски, кој што го бара кај денешното Пијанечко село Град во чија близина постои место кое се вика „Миро“ па оттука смета Томоски дека „би можело Подмир да биде во таа област“, што би бил најисточен имот на манастирот Св. Георги Горг.[57]

Покрај оваа гледиште, доколку можеме да им веруваме на турските пописни дефтери во XIX век постоело село во близина на Ќустендил наведено со три имиња: Ивраджа, Враца, Мирово.[58] Токму третото име „Мирово“ внесува сомнеж во претходното гледиште и асоцира на средновековниот локалитет „Подмир“, кој подеднакво можел да биде и на двете локации, во близина на првата е планината Влаина, а на втората Осогово, каде што можеле да бидат наведените катунски населби.

Можеби одговорот на тоа прашање лежи во следниот прилог „метоχ Светоı Лѵ(ка)“.[59] Како што посочивме и при истражувањето за местоположбата на метохот Св. Василиј, метохот Св. Лука Грујиќ го бара на местото на црквичката посветена на евангелистот Лука, која според преданието ја подигнал цар Диоген на десниот брег на реката Пчиња кон манастирот Св. Прохор Пчињски.[60] Освен преданието за изградбата на црквата не се зачувани други податоци.

Топоними со слични имиња има повеќе; с. Луке Кривопаланечко, Луково кај Лесново, Луковица кај Македонска Каменица и сите тие места можат да бидат поврзани со нашиот метох. Но, мене ми остави посебен впечаток еден манастир „Св. Лука“ во с. Граница-Ќустендилско, кој го посетив во мај 2003 година. Манастирот е од XIX век, а според народното предание на негово место постоела стара црква посветена на истиот светец. Ако се придржуваме до редоследот на имотите, тогаш не би требало да ја запоставиме можноста метохот Св. Лука да бил токму тој манастир, кој пак е многу близу со наредниот подарок „метоχ въ ВельбѫЖи светоı Никωлае вѣ Ко(лѵ)ши, сь винограды, и с нивиемь и сь всѣми правинами”.[61]

---

[57] Томоски Т., Мороздвиждска епископија. Културно наследство VII, Скопје 1978, 101.

[58] Драганова С., Кюстендилски регион, 151.

[59] Иванов Й., Български старини, 584; Споменици, I, 194.

[60] Грујић Р., Властелинство, 57; истиот, Попис цркава у старој српској држави. Скопље 1938, 30; Иванов Й., Сѣверна Македония. 108.

[61] Иванов Й., Български старини, 584; Споменици, I, 194.

Иако податоците во грамотата јасно посочуваат каде се наоѓал тој метох, Грујиќ смета дека тие податоци се нејасни и е на мислење дека „најверојатно станува збор за Св. Никола Мрачки“.[62] Оваа негово гледиште е прифатено и од приредувачите на македонското издание на Константиновата грамота.[63] Навистина имињата на двата манастири: Мрачкиот и овој во Колуша се исти, но сметам дека е направен превид. Мрачкиот манастир е познат под името Ораховски, а не Колушки, додека овој Св. Никола е Колушки, како што стои и во грамотата.

Колуша во средниот век била село веднаш до Велбужд. Според Драганова, Колуша била присоединета кон Ќустендил во 1864 година.[64] Фактички овој метох на Св. Никола во Колуша бил централен во однос на другите имоти и тој бил почетната станица на патот од Велбужд преку источно Осогово кон Брегалница и Овче Поле, а оттаму кон Скопје, пат по кој можеби и Константин дошол од Горна во Долна земја. Ако го погледнеме редоследот на подарените имоти по обратен ред, од последниот Св. Никола во Колуша, тогаш се добива многу јасна слика за нивниот распоред: Св. Никола, Св. Лука, Подмир, Св. Василиј, Дабница и Св. Јован Богословец, сите тие се еден до друг и прават една целина.

Можеби токму затоа што тие имоти правеле една целина, во Милутиновата грамота од 1300 година е потврден само метохот Св. Никола во Колуша, останатите не се споменати директно во грамотата, но индиректно ги потврдува во член 39 кога вели: „въ вс҄ѣахь метохиıахь, где се обрѣтаıють людие Светаго Геѡргииа Горга, оу коıем любо Жоупѣ или оу градоу Скопи или оу коıем любо градоу или оу Чиıемь селѣ...“.[65] Со ова кралот Милутин сакал да каже дека доколку има имоти кои што не се споменати во неговата грамота, а му припаѓаат на Св. Георги Горг, манастирот да си ги користи под истите услови како и наведените.

Подарените имоти Константин ги обезбедил со имунитет преку голема специфицирана одлука за целосен судски имунитет и санкција од небесни казни и глоба од 9 златници.[66] Одлука за иземање на манастирските попови и клисари од економски должности спрема црковната хиерархија, епископи или егзарси, специфицирани посебни одлуки за префрлање на определени владетелски резервати во компетенција на игуменот-вражда,[67]

---

[62] Грујић Р., Властелинство, 57.
[63] Споменици, I, 194 и бел. 78.
[64] Драганова С., Кюстендилски регион, 166.
[65] Споменици, I, 229.
[66] Исто, 196.
[67] Исто, 197.

силување,[68] и кражба на коњ.[69] Враждата се земала само од утврден кривец и тоа преку суд, а се укинува колективната одговорност на целото село. Се потврдува имунитетното право од плаќање приселица,[70] волоберштина,[71] перпер[72] и димнина[73] на сите манастирски метоси и имоти.

Одлука за санкција предвидена за самоволно користење на манастирските поседи без одобрение од игуменот-божја клетва и прастарата одредба „да сѧ продасть вь демосиьж"[74] по цена од 200 перпери.

Се потврдува општата одлука за предавање на сите стари и нови дарувања на манастирот и на неговите игумени врз основа на овој хрисовул, со спецификација на државните функционери и службеници на владетелскиот двор на кои им се забранува секакво прекршување на манастирските имунитети.

Следува заклучна одлука со молба кон идните владетели да не ги нарушуваат одредбите на оваа грамота, туку да ги повторуваат и потврдуваат давајќи и нови дарувања. За неисполнување на оваа одредба следува духовната санкција небеско проклетство на овој свет и на Страшниот Суд.[75]

На крајот стои потписот: „Костантинь в Христа бога вѣрни цар и самодрьжец Болгаром Асѣнь"[76], со карактеристичен цртеж на царска рака со државно јаболко, што го сретнуваме, исто така, на оригиналната грамота на цар Иван Александар дадена на Ораховскиот манастир и на грамотата на цар Иван Шишман на Витошкиот манастир.

---

[68] (дѣвичь разбои), Споменици, I, 197.
[69] Споменици, I, 197.
[70] Исто, 198 и бел.98.
[71] Исто, 198 и бел. 99.
[72] Исто, 198 и бел.100.
[73] Исто, 198, бел.101.
[74] Исто, 199 и бел. 103.
[75] Исто, 204.
[76] Исто, 204.

*Aleksandar ATANASOVSKI*

# ESTATES OF THE MONASTERY OF ST. GEORGE GORGOS OF SKOPJE IN VELBUŽD AND VICINITY

***Summary***

*The history of the Monastery of St. George Gorgos and particularly the estates it possessed is evidenced in three gift deeds: by tzar Constantine Tikh of Bulgaria from 1257/58; by the Serbian King Milutin from 1300; and by Vuk Branković from 1377/78.*

*Subject of analysis is the oldest of the preserved documents, the gift deed by tzar Constantine Tikh of Bulgaria, particularly the estates of the monastery in Velbužd and its vicinity. Researches so far have located some of these estates in Ovče Pole, Žegligovo and Velbužd. This is the village of Jovan Bogoslov, the village of Dabnica, the village-metoch of St. Vasily, the community of Podmir, the village-metoch of St. Luka and the metoch of St. Nikola Koluški in Velbužd.*

*The village of Jovan Bogoslov has been located in Ovče Pole, but there is also a village of Bogoslovec, near the medieval city of Velbužd, that may correspond to the donated one. Some scientist locate the village of Dabnica in the region of Prilep, but field researches have pointed to the possible location of today's village of Rakovo, that used to be called Dabovo. The metoch of St. Vasily was supposed to be in Ovče Pole or Žegligovo, but it was probably located near the present day village of Vaksevo, in whose vicinity the katun estate of Podmir and the metoch of St. Luka (identified with the Monastery of St. Luka in the village of Granica, Kyustendil), should be looked for, the reason being that the last gift - the metoch of St. Nikola in Velbužd - is quite nearby. All these estates formed an economic unity on the way from Velbužd, through East Osogovo towards the River of Bregalnica, Ovče Pole and Skopje, along which Constantine Tikh travelled when he arrived from the Upper (Gorna) to the Lower Country (Dolna Zemja).*

***Key words:*** *ESTATES, JOVAN BOGOSLOV, DABNICA, ST. VASILY, ST. LUKA, ST. NIKOLA, IMMUNITY*